Трајче Трајков

# Македонски полициски ознаки (1)

Македонските полициски ознаки се создадени во периодот по прогласувањето на независноста на Република Македонија кога започна и процесот на формирање на новите државни органи и институции на самостојната македонска држава. Имено, во јули 1991 год. Републичкиот секретаријат за внатрешни работи се трансформира во Министерство за внатрешни работи, а Милицијата како негов орган, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи од 18 март 1992 год., беше преименувана во Полиција.

Ознаките на југословенската милиција беа идентични за сите нејзини припадници, без оглед на кој републички СВР припаѓаат. Всушност, и униформата и ознаките на милицијата беа „федерални" и пропишани со посебна уредба на српско-хрватски јазик на сојузно ниво и со идентична републичка уредба на службениот јазик во републиката. Па така, согласно чл.22 од Уредбата за униформата и ознаките на звањата на работниците на милицијата од мај 1979 год.[1], покрај стандардната метална црвена петокрака ѕвезда за шапка/титовка и натписот ,,МИЛИЦИЈА", во употреба беа и посебни ознаки за работниците на милицијата кои вршат регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, кои вршат контрола на патничкиот сообраќај преку државната граница, кои вршат работи на пловни објекти на езерата и реките, за пилоти и авиомеханичари, коњаници и музичари. По распадот на СФР Југославија, секоја република, порано или подоцна, со посебни прописи ги повлече од употреба милициските униформи, а со нив и ознаките, и воведе нови полициски униформи и ознаки. МВР на Р.Македонија, релативно подоцна во споредба со другите републики, воведе свои препознатливи униформи и ознаки за македонските полицајци, кои станаа симбол на македонската независност и државност и заштитен белег на македонската полиција до денес.

Првите македонски полициски ознаки (значки, амблеми и чинови) се дизајнирани и воведени во втората половина на 1992 год., а подоцна пропишани и во првата Уредба за униформата и ознаките на звањата на полицијата во Министерството за внатрешни работи[2,] донесена од Владата на Република Македонија на 11 јули 1994 год. Во оваа уредба ознаките не беа




Тока за ремен / Belt buckle

Trajche Trajkov

# Macedonain Police Insignia (1)

The Macedonian police insignia were created right after the Republic of Macedonia declared its independence, along with the process of establishing the new state organs and institutions of the newly independent Macedonian State. In July 1991 the Republic's Secretariat of Internal Affairs was transformed into the Ministry of Internal Affairs, and the Militia, as it's organ according to the Law for amendment of the Law for Internal Affairs from March 18th 1992, was renamed as "Police".

The insignia of the Yugoslav militia were identical for all its members, regardless of which constituent Republic's Secretariat of Internal Affairs their unit belonged to. In fact, both the uniform and the insignia of the militia were federal and regulated by a special decree in the Serbo-Croatian language on a federal level and with an identical Republic decree in the official language of the individual Republic. According to Article 22 of the Decree of May 1979 [1] for the uniform, insignia and titles of the militia's employees , along with the standard metal red five-pointed star for the hat (titovka) and the title "MILICIJA", there were special insignia in use for the militia's employees which regulate and control the traffic on the roads and the passenger traffic through the state borders, work on sailing vessels in the lakes and on the rivers, for pilots and aviation mechanics, horseman and musicians. After the dissolution of SFR Yugoslavia, each Republic, earlier or later, has withdrawn the militia uniforms from use, and with them the insignia, and introduced new police uniforms and insignia. The Ministry of Internal Affairs of the Republic of Macedonia, relatively later in comparison to other Republics, has introduced its own recognizable uniforms and insignia for the Macedonian policemen, which became a symbol of the Macedonian independence and statehood and serve as a trademark of the Macedonian police to this day.

The first Macedonian police insignia (badges, emblems and ranks) have been designed and introduced in the second half of 1992, and later regulated in the first Decree for the uniform and insignia of the titles of the police in the Ministry of Internal Affairs[2], adopted by the Government of the Republic of Macedonia on July 11th 1994. In this decree the insignia weren't given and described separately, but as a constituent part of the police uniform. Below, we will present the first

дадени и опишани посебно, туку како составен дел од полициската униформа. Во продолжение ќе бидат претставени првите македонски полициски значки и амблеми согласно оваа уредба од 1994 год.

На горниот дел од десниот ракав на сакото, на растојание од 10см од горниот раб на ракавот е вшиен правоаголен амблем со димензии 10,5 х 2,5см, изработен од чоја со темносина боја на кој со бели букви е извезено „ПОЛИЦИЈА", а од внатрешната страна на растојание од 0,5см од надворешниот раб е опшиена жолта лента. На горниот дел од левиот ракав на сакото, на растојание од 8см од горниот раб на ракавот е вшиен амблем во облик на штит со димензии 11,5 х 9,5см изработен од чоја со темносина боја, на кој со бели букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", под тоа „ПОЛИЦИЈА", подвлечена со жолта линија по должината на целиот натпис, под која линија е извезено „POLICE", најдолу се наоѓа жолт венец во чија средина е впишано „РМ", (кратеница за Република Македонија), а на целиот амблем, на растојание од 0,5см од надворешниот раб е извезена жолта лента.

На шапката, однапред на средината на бортот се носи ознака во сребрено-бела боја во форма на штит со димензии 5,5 х 5см во чија средина е поставена ознака во сина боја во форма на круг со дијаметар 3см на која е изработен жолт ловоров венец во чија средина е впишано „РМ". Полицајците кои имаат чин мајор или повисок чин наместо ознака во сина боја носат истоветна ознака во златно-жолта боја. На средината на капата однапред, се носи ознака во форма на круг изработен од темносина чоја со дијаметар 3см на која е извезен жолт ловоров венец во чија средина е впишано „РМ". На маскирната капа која се носи за извршување на специјални задачи има ознака во вид на метален штит во сиво-бела боја на кој се наоѓа златно-жолто релјефно испупчено шеснаесеткрако сонце во чија средина има осмокрака релјефна ѕвезда.

Ременот со тока е со ширина 40мм, изработен е од галантериска кожа во црна односно бела боја со дебелина од 2,5-3мм. Токата е во елипсовидна форма, бронзена боја во чија средина во релјефна форма е изработен ловоров венец во чија средина е впишано „РМ".

Полицајците на униформата носат посебни ознаки. Посебната ознака која се носи во полето на ромбоидот кој е нашиен на околувратникот на сакото од зимската униформа е во форма на ловоров венец во кој е впишано „РМ".

На левиот џеб од сакото, виндјакната и летната кошула се носи значка во композитна форма која се состои од правоаголно поле со широчина од 37мм и височина 12,5мм со триаголно извишување на средината високо 5мм, во коешто е втиснат (или изгравиран) бројот на службената легитимација,

Macedonian police badges and emblems according to this decree from 1994.

On the upper part of the right sleeve of the jacket, at a distance of 10cm from the upper edge of the sleeve, there is a stitched rectangular emblem with a size of 10,5 x 2,5cm, made from dark blue broadcloth, on which the word "POLICIJA" is embroidered in white, and on the inside there is a yellow bordered strip at a distance of 0,5cm from the outer edge. On the upper part of the left sleeve of the jacket, at a distance of 8cm from the upper edge of the sleeve there is an embroidered emblem in the form of a shield with dimensions of 11,5 x 9,5cm, made from dark blue broadcloth, on which the words "REPUBLIKA MAKEDONIJA" are embroidered in white. Under them, the word "POLICIJA" is also embroidered in white, underlined with a yellow line along the whole width, under which the word "POLICE" is embroidered. At the bottom, there is a yellow wreath in whose center there are the letters "RM" (short for the Republic of Macedonia). Finally, around the whole emblem, at a distance of 0,5cm from the outer edge there is a yellow embroidered border.

On the front of the hat, in the middle of the bort, there is a silver colored shield-like insignia with the dimensions of 5,5 x 5cm, and in its center there is a blue colored circle with a diameter of 3cm on which there is a yellow laurel wreath and the letters "RM". The policemen with a rank of "major" or higher have a yellow instead of a blue circle. In the middle of the front of the cap, there is an insignia in the form of a circle made from dark blue broadcloth with a diameter of 3cm on which there is embroidered a yellow laurel wreath and the letters "RM" in the middle. On the camouflage cap which is worn while on a special assignments there is an insignia in the form of a metal shield in silver color, on which there is a yellow relief of a sixteen-rayed sun in whose center there is an eight-pointed relief star.

The belt with a buckle is 40mm wide, made from leather in black and white color, about 2,5-3mm thick. The buckle is elliptical, with a bronze color. In the center there is a relief laurel wreath with the letters "RM" in the middle.

The policemen wear special insignia on their uniforms. The special insignia worn in the field of the rhomboid that is embroidered on the collar of the jacket from the winter uniform is a laurel wreath with the letters "RM" in the middle.

On the left pocket of the jacket, the windbreaker and the summer shirt there is a composite insignia consisting of a rectangular field 37mm wide and 12,5mm high with a 5mm high triangular appendix in the middle, in which the number of the official

под него уште едно правоаголно поле со височина од 5мм и широчина 20мм во кое пишува „ПОЛИЦИЈА" и најдолу кружно поле со дијаметар од 14мм во кое е втиснат ловоров венец и впишано „РМ" во средината. Целата значка е висока 49мм. Значката е метална, кована во легура томбак со сребрена боја и метален сјај, а бројот на службената легитимација (платиниран црно), натписот и знакот се во релјеф со висина од 0,9мм во однос на подлогата која е дебела исто така 0,9мм. Значката се носи на кожна подлога на која е фиксирана со влахови во три точки: две во горното правоаголно поле и една во кружното поле. Кожната подлога е во форма на варјашки штит со широчина од 45мм и височина од 59мм кој на горната страна е продолжен во јазик со широчина од 20мм и височина од 40мм на којшто се наоѓа илика за закопчување на копче со дијаметар 15мм. Подлогата е изработена од црно обоена бокс кожа двострано, со полно преклопено обработување и на надворешните рабови и на иликата. Помеѓу двете кожи се вметнува влошка за вкрутување од тенка и тврда пластична материја.Вкупната дебелина на подлогата треба да биде околу 2мм.

Во македонската полиција во 1992 година беа воведени следниве чинови: водник, постар водник, виш водник, виш водник прва класа, потпоручник, поручник, капетан, мајор, потполковник, полковник и генерал. Во уредбата од 1994 година е даден опис и за изгледот на еполетите за набројаните чинови. Еполетата има димензии 15,5/6/4,5см со влошка за зајакнување и со ластик или лепенка се навлекува на нарамениците и се закопчува со копче. При врвот еполетата завршува со тап агол. Ѕвездата е четворокрака и се изработува во златна и сребрена варијанта со брусени рамни површини. Неа ја формираат осумте полудијагонали на квадратот, со распон на краците од 20мм, а висина 6мм. Распоредот и бројот на ѕвездите на еполетите за секој е чин е различен и опишан во уредбата.

За првите македонски полициски ознаки може да се дадат следниве забелешки:

-уредбата која ги регулираше ознаките беше донесена релативно доцна – речиси две години по дизајнирањето на полициските ознаки;

-полицискиот амблем и значките не содржеа ниту еден државен симбол (знаме или грб) што е редок случај во споредба со другите држави. Симболот од државното знаме беше застапен само на копчињата од униформата и на значката од капата за извршување посебни задачи. За симбол на полицијата беше дизајниран ловоров венец во кој е впишана кратенката „РМ";

-полицискиот амблем е во форма на штит со сина боја што е чест случај во споредба со полициските амблеми од други држави;

-на полицискиот амблем покрај натписите на македонски јазик со кирилско писмо, застапен е и

identification is embossed. Under it there is another rectangular field 5mm high and 20mm wide in which the word "POLICIJA" is embossed, and at the bottom there is a circle field with the diameter of 14mm in which there is embossed a laurel wreath with the letters "RM" in the middle. The whole insignia is 49mm high. The badge is metal, forged in tombac alloy in silver color and a metal gloss, while the number of the official identification (black clad), the title and the sign are in relief 0,9mm high above the base which is also 0,9mm high. The badge is worn on a leather base on which it is fixed with threads at three points: two in the upper rectangular field, and one in the circular field. The leather base is in the form of a medieval French shield 45mm high and 59mm wide, which on the upper side is elongated in the form of a tongue 20mm wide and 40mm high, on which there is a buttonhole with a diameter of 15mm. The base is made from black boxing leather duplex, with full overlapped processing both on the outer edges and the buttonhole. Between the leathers there is a rigid insert made from a thin and solid plastic. The overall thickness of the base should be around 2mm.

In 1992 the following ranks have been introduced in the Macedonian police: sergeant, senior sergeant, chief warrant officer, chief warrant officer first class, second lieutenant, lieutenant, captain, major, lieutenant colonel, colonel and general. In the decree from 1994 there is a description of the appearance of the epaulettes of the above mentioned ranks. The epaulette has the dimensions of 15,5/6/4,5cm with a rigid insert and is donned on the shoulder with a band or a patch and buttoned. Near the top the epaulette ends with an obtuse angle. The star has four points and is made in a golden or silver variant with ground flat surfaces. It is formed by the eight half-diagonals of the square, with a range of the angles of 20mm and a height of 6mm. The distribution and the number of the stars on the epaulettes is different for each rank and is described in the decree.

We can make the following observations about the first Macedonian police markings:

- the decree that regulated the insignia was made relatively late - almost two years after designing the police insignia;

- the police emblem and badges didn't include any state symbol (flag or coat of arms), which is rarely found in other states. The symbol from the state flag was represented only on the buttons on the uniform and the badge of the cap used while performing special assignments. As a symbol of the police a laurel wreath with the abbreviation "RM" was designed;

- the police emblem is in the form of a shield with a blue color, which is often the case in comparison with police emblems of other countries;

англискиот термин „POLICE”;

-металните ознаки ги изработи фирмата ФЕРОСКОП од Скопје.

На тој начин, за првпат во историјата, Република Македонија и припадниците на полицијата добија свои автентични полициски обележја, со натписи на македонски јазик, за кои слободно можеме да кажеме дека беа мал, но значаен дел од процесот на заокружување на македонската независност.

1. Службен весник на СР Македонија, бр.15/79 - Official Gazette of the Republic of Macedonia, 15/79
2. Службен весник на Р.Македонија, бр.39/94, - Official Gazette of the Republic of Macedonia, 39/94

- in the police emblem, despite the inscription in the Macedonian alphabet, there is also the English term “POLICE”;

- the metal plates were made by the company FEROSKOP from Skopje.

Thus, for the first time in history, the Republic of Macedonia and it’s police got their authentic police insignia, with inscriptions in the Macedonian language, for which we can safely say that they were a small but significant part of the completion of the Macedonian independence.

## Ознаки на полицијата на Република Македонија
## Insignia of the Police of the Republic of Macedonia







Општ амблем на македонската полиција / General Macedonian Police Emblem




**Значки за шапка / Hat badges**



**Реверни ознаки /(Collar insignia**




**Амблем за капа и значка за маскирна капа за специјални задачи / Cap emblem and camouflage cap badge for special task**



**Еполети за чин / Rank epaulettes**